ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД АНКЕТА НА НАСТАВНИОТ КАДАР ЗА КВАЛИТЕТОТ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА

**(летен семестар, 2026 академска година)**

Во летниот семестар 2026 за наставниот кадар на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, беше реализирано on-line пополнување на анкетата за оценување на квалитетот на наставата.

Во анкетата која се реализираше преку Iknow системот, студентите извршија евалвација на квалитетот на наставата одржана од страна на 14 професори. При тоа, беа проследени 9 одговори.

Просечната оцена од анкетата наставниот кадар на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ за летниот семестар 2026, на скала од 1 до 5 е **4,48.**

Во продолжение се истакнуваат следниве забелешки од анкетите:

1. Задоволство од условите за работа (Од што сте најмногу задоволни?)

- Испитаниците ја истакнуваат професионалната и поддржувачка работна атмосфера, добрата соработка меѓу колегите и студентите, како и професионалниот однос на деканатот.
- Како позитивни аспекти се наведени и просторот, колегијалноста, материјалите и средствата за работа, информираноста, транспарентноста и хигиената.
- Исто така, дел од испитаниците ја издвојуваат хигиената како посебно задоволство, додека други ја истакнуваат соработката со колегите.

2. Незадоволство и области за подобрување (Од што сте најмалку задоволни?)

- Како главни недостатоци и предизвици се посочени недостигот на начини и можности за понатамошно професионално унапредување во наставно-научни звања и ниските финансии.
- Забележано е и мислење дека секогаш постои простор за понатамошно уредување, унапредување и развој на условите за работа согласно со современите образовни потреби.

**Заклучок:**

Анкетата за наставниот кадар на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за летниот семестар 2026, дава сеопфатна позитивна слика за наставниот процес и квалитетот на настава. Овој извештај служи како важна алатка за континуирано подобрување на квалитетот на наставата и за воспоставување на дијалог меѓу студентската заедница и наставниот кадар.

**Комисија за изведување на студентската анкета -**

**Перцепција на студентите за општите услови за студирање:**

Вон. проф. д-р Анета Јовковска, претседател

__________________________________________

Доц. д-р Дарко Анев, член

__________________________________________

Доц. д-р Кирче Трајанов, член

__________________________________________